КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

# 2023

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА 2023

СКОПЈЕ, МАРТ 2024

**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани
„Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје

Тел/Факс: +389 2 6139874

E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk

Web: www.all4fairtrials.org.mk

**За издавачот:** Дарко Аврамовски
Извршен директор

**Уредник:** Дарко Аврамовски
Извршен директор

**Автор:** Национална канцеларија на
Коалиција „Сите за правично судење“

**Обработка:** Даниел Митковски

# СОДРЖИНА


ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ ..... 4

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ВО 2023 ГОДИНА

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“ ..... 2

ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 5

ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВО ..... 6

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА III ..... 7

ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ПРИТВОР ..... 8

## УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТНИ СРЕДБИ И ОБУКИ ВО 2023 ГОДИНА

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ ..... 10

УЧЕСТВО НА РАБОТНИ СРЕДБИ ..... 11

УЧЕСТВО НА ОБУКИ ..... 13

## ЈАВНИ РЕАКЦИИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ВО 2023 ГОДИНА

ЈАВНИ РЕАКЦИИ ..... 15

МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ..... 18

АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈАТА ..... 22

ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА ..... 24

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ..... 25

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

Почитувани,

Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ е формална мрежа од 12 организации членки кои имаат една заедничка мисија, а тоа е: следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди на правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Во текот на 2023 година беа набљудувани вкупно 1000 судски постапки низ судовите во Република Северна Македонија во сите 4 апелациони подрачја. Во текот на 2023 година беа обучени 24 набљудувачи за мониторинг на судски рочишта. Како и претходните години, така и оваа година Коалицијата „Сите за правично судење“ посебен акцент стави на судските предмети од областа на организиран криминал и корупција, останати предмети што се проследени со висок степен на јавен интерес, како и предмети набљудувани по барање на странки. Коалицијата во 2023 година објави 6 јавни реакции и изготви 3 анализи на различни теми поврзани со функционирање правниот систем.

Дополнително, „Коалицијата „Сите за правично судење“ како регистрирано здружение за бесплатна правна помош и оваа година продолжи со обезбедување на примарна правна помош, со посебен фокус на ранливи категории на граѓани, како и на формални и неформални граѓански организации.

Коалицијата веќе подолг период е препознаена како фактор што може да даде особен придонес кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, како и кон посочување на потребата за можните реформи во судските постапки, сè со цел да се придонесе кон осигурување на правата на фер и правично судење кои се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори. Во оваа насока, својот 20 годишен јубилеј во мај 2023 година, Коалицијата сите за правично судење го одбележа со серија реакции и јавни настапи насочени кон постапувањето на Судскиот совет со што успеа да издејствува ограничени, но сепак исклучително важни промени. Поради ова, како и ефектите, или недостигот од ефекти од реформските процеси во изминатите години, а особено иницирањето на промени во правосудството што ќе влијаат на перформансот на судовите, ќе продолжат да служат како мотивација на Коалицијата да продолжи со следење на судските постапки и постапувањето на органите на судската власт.

Со почит,

Дарко Аврамовски

Извршен директор

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ВО 2023 ГОДИНА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

Во текот на 2023 година, втора година по ред Европската Унија финансиски ја поддржа Коалицијата „Сите за правично судење“ во имплементација на главните активности од својата Годишната програма за работа што опфати поддршка на судскиот мониторинг и мониторингот на работата на Советот на јавни обвинители и Судскиот совет.

Во рамки на мониторингот на судските постапки кои се водат пред судовите во Република Северна Македонија, на ниво на сите четири апелациони подрачја, беа опфатени вкупно 16 судови. Предмет на мониторинг преку оваа компонента, во текот на 2023 година беа кривичните и граѓанските судски постапки. Од вкупно 1000 мониторирани расправи, 721 рочиште за главна расправа се однесуваат на граѓански и кривични судски постапки, а 279 рочишта се однесуваат на предмети поврзани со организиран криминал и корупција.

Во насока на подобрување на знаењата и капацитетите на професионалните судски набљудувачи, во текот на 2023 година Коалицијата организираше три обуки наменети за набљудувачите на Коалицијата. Истите беа спроведени од страна на тимот на извршната канцеларија и имаа за цел обучување на судските набљудувачи за сеопфатно и темелно спроведување на мониторинг процесот, како и надградување на нивните познавања за стандардите за фер и правично судење. Оттука, за време на овие обуки од страна на предавачите беше објаснет процесот на судски мониторинг, правата и обврските на ангажираните судски набљудувачи како и методологијата која што ќе се користи со цел прибирање на потребните податоци.





***Дел од учесниците на првата обука за нбљудувачи, Рзгуза 360 - Скопје***

Дополнително, Коалицијата организираше и три работни состаноци, со претставници на релевантни чинители, што беа спроведени на теми актуелни во моментот на нивното организирање на кои се разви плодна дискусија.

Првиот состанок беше спроведен во март 2023 година, а на истиот присуствуваа судии, претставници на Судскиот совет, како и претставници од Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење. За време на овој работен состанок се дискутираше за судскиот буџет, од аспект на судската независност, како и потенцијални начини за обезбедување на законски предвидениот буџет за судовите.

Вториот состанок беше организиран во јуни 2023 година и на истиот присуствуваа судии кои работат со деца кои се во судир со законот. За време на овој состанок се дискутираше за законските прописи и нивната усолгасеност со меѓународните стандарди, како и за капацитетите и практичните можности на засегнатите страни соодветно да ги применуваат овие прописи во практиката, а со цел да се зајакне правната и судска заштита на децата во судир со законот и децата жртви на кривични дела. Третиот состанок беше организиран во август 2023 година и на истиот присуствуваа претседателката на Врховниот суд на РСМ, членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, универзитетски професори, судии, претставници на Министерството за правда, како и претставници од Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење. За време на овој работен состанок предмет на дискусија беше потребата од доуредување на постапката за избор на членовите на Судскиот совет, како и постапката за одговорност на член, односно претседател на Советот.





***Дел од учесниците на првиот и вториот состанок, Хотел Солун - Скопје***

Дополнително, Коалицијата организираше три панел дискусии наменети за општата јавност, односно за граѓаните на тема:

- „Права и обврски на клиентот во односот со својот адвокат“ која се одржа во март 2023 година е достапна на следниот линк: **shorter.me/n6aux**
- „Права и обврски на граѓаните во постапката за извршување“ која се одржа во јули 2023 година е достапна на следниот линк: **shorter.me/n9dUL**
- „Права и обврски на граѓаните во судска постапка“ која се одржа во ноември 2023 година е достапна на следниот линк: **shorter.me/ONOrq**

Панел дискусиите беа реализирани преку платформа за видео комуникација, со пренос во живо преку Фејсбук страната на Коалицијата. Претставници на релевантни институции, во улога на панелисти имаа свои излагања, по што сите граѓани кои што ја следеа дискусијата имаа можност да поставуваат прашања по однос на темата и да добијат одговор на истите.






*Дел од учесниците на панел дискусиите, Платформа Зоом*

Покрај горенаведените активности беше спроведен мониторинг и евалуацијата на целокупната работа на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во Република Северна Македонија, па така за време на оваа активност беа мониторирани вкупно 44 седници на Судскиот совет како и 22 седници на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Како финален продукт од спроведениот мониторинг, тимот на извршната канцеларија во соработка со надворешни правни експерти, изготви две финални анализи кои се достапни во печатено издание како и на веб страната на Коалицијата:

- Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2023 година достапна на следниот линк: **shorter.me/ZAvPK**
- Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2023 година достапна на следниот линк: **shorter.me/vQsmn**

Со цел промоција на изготвените финални анализи, Коалицијата организираше завршна конференција која се одржа на ден 13.12.2023 година во хотел Солун во Скопје. Завршната конференција беше организирана во формат на панел дискусија, па покрај презентација на наоди и препораки од мониторинг извештаите, претставници на релевантни институции и експерти од областа имаа свои излагања. На завршната конференција присуствуваа претседатели на судови и судии, јавни обвинители, адвокати, универзитетски професори, претставници од граѓански организации и други релевантни институции.




*Дел од панелистите и учесниците на завршната конференција, Хотел Солун – Скопје*

# ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Коалицијата „Сите за правично судење” од август 2022 година започна со имплементација на проектот „Правна помош и поддршка на Ромите во Република Северна Македонија”. Овој проект ќе се спроведува заклучно со 31.07.2025 година  во соработка со Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико, со финансиска поддршка на Агенцијата на САД за Меѓународен развој УСАИД – Северна Македонија.

Општата цел на проектот е придонес кон пристапот до правда и заштитата на правата на Ромите во Република Северна Македонија, преку користење на можностите на системот на бесплатна правна помош. Во рамки на овој проект во текот на 2023 година беше дадена правна помош и поддршка на вкупно 213 граѓани од ромската заедница и тоа за најразлични правни прашања, меѓу кои во најголем број се однесуваа на постапки за регистрација на лица без документи, остварување на права од здравствена и социјална заштита, бракоразводни постапки, имотноправни прашања, заштита од дискриминација и утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. Покрај примарна правна помош, за одделни предмети по однапред утврдена методологија беше овозможена секундарна правна помош со ангажирање на адвокати за застапување на странките пред надлежни институции.




*Теренски посети со тимот на Коалицијата и Ромалитико, Хаб на Ромалитико - Штип и Берово*

Во рамките на овој проект се изготвени два билтени за детектирани состојби во процесот на пружање на бесплатна правна помош, кои содржат податоци поврзани со областите во кои е дадена правна помош, демографски податоци како и податоци за детектирани слабости на системот и препораки за надминување на истите.

Исто така, во рамки на проектот се предвидени и обуки наменети за теренската структура на Ромалитико и останати релевантни чинители, со цел зголемување на практичните знаења и градење на капацитети. Оттука, првата обука се одржа на ден 01.03.2023 година на тема „Стекнување на државјанство на Република Северна Македонија“ каде што учесници беа вработени лица од Ромски информативен центар Тетово. Втората обука се одржа на ден 29.03.2023 година на тема „Право на бесплатна правна помош“ каде што учесници беа правни монитори од теренската структура на Ромалитико. Третата обука се одржа

на 31.10.2023 година на тема „Нотарски платен налог и постапка за извршување“ каде што учесници беа правни монитори и останати теренски соработници на Ромалитико.







Дополнително, како една од проектните активности во рамки на овој проект е и изработката на месечни кратки брошури со правна содржина кои се објавуваат на социјалните мрежи на Коалицијата, со цел повеќе граѓани да бидат запознаени со одредена правна област.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВО

Во септември 2023 година, Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Подобрување на учеството на засегнатите страни во процесот на реформи во правосудство“ кој е финансиски поддржан од Амбасадата на САД во Република Северна Македонија и истиот ќе се спроведува заклучно до 31.08.2024 година.

Проектот има за цел да овозможи унапредување на квалитетот и обемот на учеството на судиите и јавните обвинители во процесот на измени на Законот за кривичната постапка и други релевантни закони од областа на кривичното право, а во насока на унапредување на судската ефикасност.

Следствено на ова, во рамките на овој проект беа одржани низа индивидуални состаноци со судии и јавни обвинители со кои беше разговарано за измените на Законот за кривичната постапка, но и за одредени предизвици и проблеми со кои судиите и јавните обвинители секојдневно се соочуваат при нивното тековно работење.

Во рамки на овој проект, Коалицијата „Сите за правично судење“ склучи меморандум за соработка со Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој ја одразува волјата и подготвеноста на двете страни потписнички да соработуваат во полето на владеење на правото, правната држава, зајакнување на

капацитетите на судството, почитување на стандардите за фер и правично судење како и за унапредување на судската независност.




*Потпишување на меморандум за соработка со Врховниот суд на РСМ*

Главниот продукт кој ќе произлезе преку имплементација на проектните активности е креирање на документ за јавни политики, кој ќе содржи наоди и препораки од страна на судии, јавни обвинители и останати релевантни чинители кои преку работни состаноци и тркалезна маса и други форми на комуникација и соработка ќе ги споделат своите искуства и препораки, во насока на подобрување на ефикасноста на судството. Изготвениот документ за јавни политики ќе биде јавно промовиран и застапуван со цел да се искористи како основ за интервенција во законските текстови, воспоставената практика на постапување, како и реформските процеси кои се однесуваат на судството.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА III

Во март 2023 година, Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Зајакнување на владеењето на правото и човековите права во Северна Македонија III“ во партнерство со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Имплементацијата на овој проект имаше за цел да ја унапреди транспарентноста на Основниот кривичен суд преку анонимизација и објава на судски одлуки а истиот беше реализиран заклучно со декември 2023 година.

За потребите на овој проект, Коалицијата ангажираше вкупно 5 судски анонимизирачи, кои беа обучени од страна на стручната служба при Судот за работа во информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС). Процесот на анонимизација на судските одлуки траеше вкупно 9 месеци, и за тој временски период беа успешно анонимизирани вкупно 3302 судски одлуки кои се јавно достапни на веб страната на Основниот кривичен суд, од кои како позначајни се пресудите за предметите „Диво Насеље“, „27ми април“, „Софтвери“, „Тортура“ и други. Исто така, во рамки на овој проект, од страна на Коалицијата беа донирани и 2 компјутери на Основниот кривичен суд Скопје.

Со завршувањето на овој проект се комплетираше предвидениот циклус на анонимизација на судски одлуки, па така Коалиција „Сите за правично судење“ во период од 3 години успеа да анонимизира 6888 судски пресуди на Основниот кривичен суд Скопје, кои сега се јавно достапни на страната на судот, со што

значително се придонесе кон унапредување на јавноста и транспарентноста на Основниот кривичен суд Скопје.



*Процес на анонимизирање на пресуди, Основен кривичен суд - Скопје*

## ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ПРИТВОР

Во периодот од јули до декември 2023 година, Коалицијата „Сите за правично судење" со финансиска поддршка од страна на Советот на Европа, за потребите на Академијата за судии и јавни обвинители, спроведе тематско истражување за примената на мерката притвор во практиката и усогласеноста на домашната практика со членот 5 од Европската конвенција за човекови права.

Ова истражување беше спроведено во 15 основни судови во сите 4 апелациони подрачја, преку спроведување на увиди во правосилно завршени кривични предмети против 507 лица за кои е определен притвор во периодот од јануари 2018 заклучно со декември 2022 година. Истражувањето опфати евалуација на барањата за определување на притвор, поднесоците на одбраната, судските решенија за определување на притвор, поднесоците и одлуките за продолжување на мерката, како и поднесоците и одлуките од постапките по жалба на решенијата за определување на притвор.

Како краен продукт од спроведеното истражување е финалната анализа на прибираните и обработени податоци во која е даден преглед на детектираните предизвици што постојат во практиката, а се однесуваат на усогласеноста на постапките за определување и продолжување на мерката притвор со Европската конвенција за човекови права и нејзините толкувања од страна на Европскиот суд за човекови права.

# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТНИ СРЕДБИ И ОБУКИ ВО 2023 ГОДИНА

# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ

На ден 23.02.2023 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ присуствуваше на тркалезна маса насловена како „Антикорупција 2030: Сегашни и идни антикорупциски предизвици” организирана од страна на Институтот за демократија Социетас цивилис Скопје.

Во периодот од 23-24.03.2023 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ присуствуваше на регионална работилница за конфискација и реискористување на одземен имот која се одржа во Виена. Работилницата беше организирана од страна на ОБСЕ - Виена.

На ден 30.03.2023 година претставници од Коалиција „Сите за правично судење“, по повод Денот на правосудството присуствуваа на тркалезна маса за работата на судството и соработката со другите институции и граѓанскиот сектор организирана од Врховниот суд на РСМ.

Во периодот од 10-12.04.2023 година претставник од Коалиција „Сите за правично судење“ присуствуваше на регионална конференција во врска со размена на искуства помеѓу државите од Западен Балкан за пристапот кон ЕУ, со фокус на Поглавје 23, а која се одржа во Белград.

Во периодот од 04-05.12.2023 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ присуствуваше на конференција посветена на 10 години од примената на Законот за кривичната постапка, организирана од страна на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија заедно со Здружението на судиите, Здружението на јавните обвинители и Адвокатската комора на РСМ, а со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Амбасадата на САД во РСМ.

На ден 04.07.2023 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење“ учествуваше на конференција на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата и Блупринт групата за реформи во правосудството на која се презентираа можни решенија за надминување на состојбата во правосудството.

На ден 04.10.2023 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење“ учествуваше како панелист на конференција на Националната конвенција за Европската Унија, говорејќи за предизвиците во постапките за оцена, избор и унапредување на судии и јавни обвинители.

На ден 24.10.2023 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење“ присуствуваше на Годишната конференција организирана од страна на Организацијата на Обединетите нации на тема „Слобода, еднаквост и правда за сите“ ОН. Оваа конференција беше организирана со цел одбележување на Денот на Обединетите нации како и 75 години од донесувањето на Универзалната декларација за човековите права.

На ден 08.11.2023 година, претставник на Коалицијата „Сите за правично судење" беше панелист на јавна трибина „Заштита и превенција од семејно насилство низ годините и денес", организирана од страна на Кризен центар „Надеж", во рамки на 16 дена активизам за борба против насилството врз жените.

На ден 15.11.2023 година претставник на „Коалицијата Сите за правично судење" ја презентираше анализата за примена на мерката притвор изготвена од Коалицијата во соработка со Академијата за судии и јавни обивнители и Советот на Европа.

Во периодот од 22-23.11.2023 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" присуствуваше на Годишната конференција за судски мониторинг организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на оваа конференција се презентираа искуства на регионални држави во кои има судски мониторинг како и имаше размена на добри практики за следење на судски постапки.

На ден 24.11.2023 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" учествуваше на јавната дебата за Законот за конфискација во граѓанска постапка организирана од страна на Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, на која ги истакна забелешките и грижите на граѓанскиот сектор во поглед на донесување на ваков закон.

На ден 29.11.2023 година претставници на Коалиција „Сите за правично судење" присуствуваа на Паралелна конференција за граѓанско општество за крај со претседавањето со ОБСЕ.На оваа конференцијата се споделуваа искуства од различни држави за улогата на граѓанскиот сектор и неговата вклученост при носењето на политики.

## УЧЕСТВО НА РАБОТНИ СРЕДБИ

На ден 23.01.2023 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење" присуствуваше на расправа на Комисија за европски прашања во Собрание на РСМ. На расправата се зборуваше за скрининг извештајот на ЕУ за РСМ.

На ден 27.01.2023 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење" присуствуваше на состанок со National Center for State Courts, на кој состанок се зборуваше за потребите и можностите за креирање на континуирани обуки за адвокати.

На ден 01.03.2023 година претставници од Коалицијата „Сите за правично судење" одржаа состанок со претседателот и претставници на Основниот граѓански суд Скопје на кој се разговараше за можноста за соработка.

На ден **03.03.2023** година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење" присуствуваше на состанок со претставници на Европската Унија на кој се разговараше за напредокот на земјата во поглед на Поглавјата 23 и 24.

На ден **04.04.2023** година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" присуствуваше на состанок со амбасадорот на САД на кој се разговараше за напредокот во борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и ефикасноста и независноста на судовите.

На ден **12 и 26.04.2023** година претставници на Коалиција „Сите за правично судење" одржаа состанок со претставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и претставници на Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје.

Во текот на 2023 година Коалицијата „Сите за правично судење" учествуваше на повеќе стручни расправи за Законот за кривичната постапка во рамки на формалната работна група за измени за Законот. Во рамки на оваа работна група Коалицијата даде придонес за унапредување на Законскиот текст во поглед на унапредување на правата на одбраната, вклучувајќи признавање на правото на толкувач на знаковен јазик, подобрување на динамиката и текот на главната расправа, како и унапредување на одредбите кои ја регулираат конфискацијата на нелегално стекната имотна корист.

На ден **15.05.2023** година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" присуствуваше на работна средба за изменување и дополнување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021- 2025 организирана од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.

На ден **19.05.2023** година претставници на Коалиција „Сите за правично судење" одржаа состанок со претседателот на Врховниот суд на РСМ на кој состанок се разговараше за моменталните состојби во судството, особено случувањата во Судскиот совет, предизвиците и добрите практики во судските постапки, како и можностите за унапредување на соработката и взаемно искористување на капацитетите.

На ден **04.09.2023** година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" присуствуваше на работен состанок на НКЕУ на кој состанок темата за дискусија беше „Новата архитектура на Европската Унија за справување со миграции и азил со фокус на Западниот Балкан и Република Северна Македонија". На состанокот присуствуваа претставници на институции, граѓански организации како и универзитетски професори.

На ден **20.09.202**3 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" одржа состанок со Оценската мисија на ЕУ за Судскиот совет.

На ден **06.11.2023** година, Коалицијата „Сите за правично судење", претставувана од извршниот директор Дарко Аврамовски и претседателката на Врховниот суд на РСМ, судија Беса Адеми потпишаа меморандум

за соработка. Меморандумот за соработка ја одразува волјата и подготвеноста на двете страни потписнички да соработуваат во полето на владеење на правото, правната држава, зајакнување на капацитетите на судството, почитување на стандардите за фер и правично судење како и за унапредување на судската независност.

## УЧЕСТВО НА ОБУКИ

На ден 10.03.2023 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење" одржа гостинско предавање на Академијата за судии и јавни обвинители за ефикасноста и менаџирањето на текот на судските постапки.

На ден 21.06.2023 година, претставник на Коалицијата „Сите за правично судење" одржа презентација за можностите и начините за реискористување на нелегално стекнат имот, како дел од конференција организиран од страна на ОБСЕ, а во насока на зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и државните институции за реискористувањето на веќе конфискуваниот имот.

Во периодот од 28-29.09.2023 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење" одржа гостинско предавање на Летната школа на МАНУ за конфискацијата и финансиските истраги како средство за борба против организиран криминал и корупцијата.

На ден 06.10.2023 година претставник од Коалиција „Сите за правично судење" присуствуваше на работилница, организирана од страна на Македонското здружение на млади правници. За време на оваа работилница, презентиран беше Националниот извештај за практиките на релевантните институции во борбата против криумчарењето мигранти и заштита на правата на мигрантите.

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ВО 2023 ГОДИНА

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ

### Јавни реакции за работата на судскиот совет на рсм

Со оглед на настаните кои се случија во Судскиот совет во 2023 година, Коалицијата во неколку наврати излегуваше во јавноста со ставови и јавни реакции. Во таа насока посебно би ги издвоиле следните јавни реакции:

- Коалицијата објави јавна реакција за за постапувањето на Судскиот совет на РСМ на 460-тата седница одржана на 18 и 19 октомври 2023 година. Целосниот текст на соопштението можете да го најдете на следниот линк: ***shorter.me/3SbXI***
- Коалицијата, исто така изготви и посебни извештаи за две седници на Судскиот совет на РСМ. Извештаите можете да ги прочитате на следните линкови: ***shorter.me/3wUiH*** и ***shorter.me/IjIeY***
- Во однос на изборот на судии во Апелационен суд Скопје повторно беше направено отстапување од ранг листата на кандидатите, без притоа да бидат дадени соодветни образложенија за секое отстапување, односно за секој кандидат поединечно. Соопштението за оваа седница на Советот, можете да го прочитате на следниот линк: ***shorter.me/VM2hw***

### Јавни реакции за работата на Советот на јавни обвинители на РСМ

